**О П ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521 факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 21**
**01.11.2010 година**

**Службен гласник на ОпШтина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за човечки ресурси, правни и опШти работи**

**Ноември, 2010**

**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од Петнаесеттата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во ,, Службен гласник на Општина Делчево,, актите на Советот на Општина Делчево, коишто Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Петнаесетта редовна седница** одржана на **29.10.2010** година и тоа:

1.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Ванчо Прке" за 2009/2010 година;

2.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ "М.М.Брицо" за 2009-2010 година;

3. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ "Св.Климент Охридски" за учебната 2009-2010 година;

4. Одлука за разрешување на член на УО на ЈЛБ "Илинден" - Делчево;
5. Одлука за именување на член на УО на ЈЛБ "Илинден" - Делчево;
6. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУДГ "Весели Цветови" - Делчево за 2009 - 2010 година;
7. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУДГ "Весели Цветови" - Делчево за 2010 - 2011 година;
8. Одлука за отуѓување на основни средства задружни домови и друг недвижен имот во селата - сопственост на Општина Делчево,
9. Одлука за измени на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо" Делчево;
10. Одлука за измени на Одлуката за доделување на студентски стипендии;
11. Одлука за формирање на комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Делчево;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 08- _____/1**
**01.11. 2010 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Малешевски, с.р.**

**1.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на опШтина Делчево на својата 15.седница одржана на 29.10. 2010 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на ГодиШниот извеШтај**
**за работата на ООУ “Ванчо Прке“**
**за учебната 2009/2010 година**

1. Се усвојува ГодиШниот ИзвеШтај за работата на ООУ “Ванчо Прке“ за учебната 2009/2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на опШтина Делчево“.

**Број 07- 1999/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 10. 2010 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

2.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на опШтина Делчево на својата 15.седница одржана на 29. 10. 2010 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на ГодиШниот извеШтај**
**за работата на СОУ “М. М. Брицо“**
**за учебната 2009/2010 година**

1. Се усвојува ГодиШниот ИзвеШтај за работата на СОУ “Методи Митевски - Брицо “ за учебната 2009/2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на опШтина Делчево“.

**Број 07- 2000/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 10. 2010 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

3.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на опШтина Делчево на својата 15.седница одржана на 29. 10. 2010 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на ГодиШниот извеШтај**
**за работата на ОУ “Св.Климент Охридски“**
**за учебната 2009/2010 година**

1. Се усвојува ГодиШниот ИзвеШтај за работата на ОУ “Св Климент Охридски“ за учебната 2009/2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на опШтина Делчево“.

**Број 07- 2001/1** — **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 10. 2010 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Тони Трајановски, с.р.**

4.

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките (Сл.весник на РМ бр.66/2004), а согласно член 20 став 2 од Статутот на ЈЛБ “Илинден“-Делчево, Советот на ОпШтина Делчево, на 15. седница одржана на ден 29. 10. 2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разреШување на член во Управниот одбор**
**на ЈЛБ “ Илинден“-Делчево**

Член 1

Се разреШува ***Стеван Гугучевски*** од функцијата член во Управниот одбор на ЈЛБ “ Илинден“- Делчево, како претставник од редот на вработените во ЈЛБ “Илинден“ - Делчево, заради престанок на работниот однос

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на ОпШтина Делчево“.

**Број 07- 2002/1** — **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 10. 2010 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Тони Трајановски, с.р.**

5.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 13 став 2 од Законот за библиотеките (Сл.весник на РМ бр.66/2004), а согласно член 20 став 2 од Статутот на ЈЛБ "Илинден"-Делчево, Советот на ОпШтина Делчево, на 15. седница одржана на ден 29.10. 2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување на член во Управниот одбор**
**на ЈЛБ " Илинден"-Делчево**

Член 1

Се именува ***Анита Петровска*** за член во Управниот одбор на ЈЛБ " Илинден"- Делчево, како претставник од редот на вработените во ЈЛБ "Илинден" - Делчево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на ОпШтина Делчево".

**Број 07- 2003/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 10. 2010 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

6. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на опШтина Делчево на својата 15.седница одржана на 29. 10. 2010 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на ГодиШниот извеШтај**
**за работата на ОјУДГ " Весели Цветови"**
**за учебната 2009/2010 година**

1. Се усвојува ГодиШниот ИзвеШтај за работата на ОЈУДГ "Весели Цветови" за учебната 2009/2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на опШтина Делчево".

**Број 07- 2004/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 10. 2010 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р**

7.
Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М број 5/2002 година), Советот на опШтина Делчево на својата 15.седница одржана на 29. 10. 2010 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на ГодиШниата Програма**
**за работата на ОјУДГ “ Весели Цветови“**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се усвојува ГодиШната Програма за работа на ОЈУДГ “Весели Цветови“ за учебната 2010/2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на опШтина Делчево“.

**Број 07- 2005/1** — **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.10. 2010 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Тони Трајановски, с.р.**

8.
Врз основа на член 36 став 1 точка 10 , а согласно член 66 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), а согласно Глава 2 и 2.1 од Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на општина Делчево, бр.07-461/1 од 14.07.2009 година,Советот на Општина Делчево на својата 15. седница, одржана на ден 29.10.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за отуѓување на основни средства задружни домови и друг недвижен имот во селата а сопственост на Општина Делчево**

Член 1

-Се отуѓува основно средство- Задружен дом во село Стар Истевник, сопственост на Општина Делчево. Задружниот дом во село Стар Истевник е со К.П. број 1508 со вкупна површина од 524 м2 и двор 1409 м2, заведен во Имотен лист 660.

Закупец ДООЕЛ „ДОН ПАМПАС„ -Делчево,времетраење (2005-2025), годишна закупнина 238,8 евра, а по основ закупнина должи 58.814,00 денари.

- Се отуѓува основно средство-Противпожарен објект во село Тработивиште, сопственост на Општина Делчево. Противпожарниот објект во село Тработивиште е со К.П. број 997 со вкупна површина од 105 м2 и двор 75 м2,заведен во Имотен лист 905.

Без обврски (истечен договор).

- Се отуѓува основно средство-Пензионерски дом во село Тработивиште, сопственост на Општина Делчево. Пензионерскиот дом во село Тработивиште е со К.П. број 709 со вкупна површина од 138 м2 и двор 444 м2,заведен во имотен лист 451.

Закупец Миле Темелков,времетраење (2006-2016),годишна закупнина 47 евра.

-Се отуѓува основно средство-Задружен дом во село Тработивиште, сопственост на Општина Делчево. Задружниот дом во село Тработивиште е со К.П. број 794/1 со вкупна површина од 548 м2 , заведен во имотен лист 412.

Закупец на дел (50 м2) Ванчо Белогаски, времетраење (2004-2014),годишна закупнина 30 евра, по основ на закупнина должи 3.733,00.

-Се отуѓува основно средство-Задружен дом во село Габрово, сопственост на Општина Делчево. Задружниот дом во село Габрово е со К.П. број 10344 со вкупна површина од 460 м2 и двор 1893 м2,заведена во имотен лист 705.

Закупец на дел (84 м2) ДОО„МИЛ ТРАНС„ с.Габрово, времетраење (2003-2023),годишна закупнина 130 евра.

Закупец на дел (52,5 м2) Трајчо Цветковски с.Габрово, времетраење (2010-2015),месечна закупнина 2.625,00 денари, по основ закупнина должи 16.625,00 денари.

-Се отуѓува основно средство-Задружен дом во село Вирче, сопственост на Општина Делчево. Задружниот дом во село Вирче е со К.П. 2357 со вкупна површина од 690 м2 и двор 1993 м2, заведен во имотен лист 91.

Закупец на дел (46 м2) Ефрем Ристовски с.Вирче,времетраење (2007-2027), годишна закупнина 46 евра и друг дел (64 м2) со времетраење (2007-2017) и годишна закупнина од 38,40 евра, по основ на закупнина должи 14.987,00 денари.

Закупец на дел (64 м2) Ромовски Крумчо с.Вирче, времетраење (2004-2014),годишна закупнина 38,40 евра, по основ на закупнина 7.169,00 денари.

-Се отуѓува основно средство-Училишна зграда во село Вирче, сопственост на Општина Делчево. Училишната зграда во село Вирче е со К.П. број 2896 со вкупна површина од 480 м2 и двор 2440 м2,заведена во имотен лист 991.

Закупец ШИРОМ-ТЕКСТ ДОО с.Вирче, времетраење (2009-2014), месечна закупнина 59,10 евра, по основ на закупнина должи 76.287,00 денари.

-Се отуѓува основно средство-Училишна зграда во село Нов Истевник, сопственост на Општина Делчево. Училишната зграда во село Нов Истевник е со К.П. број 1450 со вкупна површина од 279м2 и двор 500 м2,заведена во имотен лист 320.

Без обврски.

-Се отуѓува основно средство-Задружен дом во село Град (без училишната зграда), сопственост на Општина Делчево. Задружниот дом во село Град е со К.П.број 1446 со површина од 900 м2 и двор 6503 м2, заведен во имотен лист 274.

Закупец на дел (448 м2) ДООЕЛ„ФЛЕШ„с.Град, времетраење(2001-2021), годишна закупнина 31.495,00 денари.

-Се отуѓува основно средство-Задружен дом во село Звегор, сопственост на Општина Делчево. Задружниот дом во село Звегор е со К.П. број 5313 и е заведен ви имотен лист 940.

Закупец на дел (333 м2) Јовица Пецов с.Звегор, времетраење(2008-2028) годишна закупнина 240 евра.

Закупец на дел (132 м2) Тимекс 02 с.Звегор, времетраење (2004-2024),годишна закупнина 80 евра, по основ на закупнина должи 14.828,00 денари.

Закупец на дел (65 м2) Маја Петровска с. Звегор, времетраење (2008-2028),годишна закупнина 65 евра, по основ на закупнина должи 8.011,00 денари.

-Се отуѓува основно средство-училишна зграда во село Очипала сопственост на Општина Делчево. Училишната зграда во село Очипала е со К.П. број 1640 со површина од 198 м2 и двор од 1308 м2, заведена во имотен лист 41.

Закупец Љупчо Стојковски З.П.Буковка, времетраење(2001-2011), годишна закупнина 156 евра,должи по основ закуп 83.546,00 денари.

-Се отуѓува основно средство-Задружен дом во село Киселица, сопственост на Општина Делчево. Задружниот дом во село Киселица е со К.П. број 1418 со површина од 590 м2 и двор 195 м2,заведен во имотен лист број 255.

Закупец Тони Стојменовски од Делчево, времетраење (2009-2034), годишна закупнина 322 евра, по основ на закупнина должи 38.659,00 денари.

- Се отуѓува основно средство-Училишна зграда во село Киселица, сопственост на Општина Делчево. Училишната зграда во село Киселица е со К.П. број 2419, со површина од 200 м2 и двор 9540 м2,заведен во имотен лист број.

Без обврски.

-Се отуѓува основно средство-Училишна зграда во село Ветрен, сопственост на Општина Делчево. Училишната зграда во село Ветрен е со К.П. број 3570 со вкупна површина од 140 м2 и двор 1217 м2, заведена во имотен лист 599.

Без обврски.

-Се отуѓува основно средство-Училишна зграда во село Чифлик, сопственост на Општина Делчево. Училишната зграда во село Чифлик е со К.П. број 600 со вкупна површина од 198 м2 и двор 602 м2, заведена во имотен лист 15.

Без обврски.

-Се отуѓува основно средство-Стара училишна зграда во село Разловци, сопственост на Општина Делчево. Старата училишна зграда во село Разловци е со К.П. број 8538 и вкупна површина од 216 м2 заведена во имотен лист 767.

Без обврски.

-Се отуѓува основно средство-Училишна зграда во село Турија, сопственост на Општина делчево. Училишната зграда во село Турија е со К.П. број 898 со вкупна површина од 181 м2 и двор 500 м2,заведена во имотен лист 77.

Без обврски.

Член 2

Отуѓувањето да се спроведе по пат на јавно наддавање во согласност со закон, при што продажната цена не смее да биде помала од утврдената пазарна вредност на предметот на отуѓување.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 07-2006/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 10. 2010 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

9. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 62 став 3 („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 143 од Деловникот на Советот на опШтина Делчево („Сл.гласник на ОпШтина Делчево „ бр.16/2006 година),Советот на ОпШтина Делчево на својата 15. седница одржана на ден 29. 10. 2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измени на Одлуката**
**за доделување на стипендија на одлични ученици**
**од СОУ„М.М.Брицо„-Делчево**

Член 1

Членот 1 од Одлуката бр.07-958/1 од 29.12.2009 година, донесена на 7.седница на Советот на Општина Делчево, се менува и истиот гласи:

“Се донесува Одлука за доделување на **8** стипендии на ученици од СОУ„М.М.Брицо„-Делчево чии родители се невработени, со ниски месечни примања или, пак, социјални случаи“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во во„Сл.гласник на ОпШтина Делчево„.

**Бр.07-2007/1** **СОВЕТ НА ОПш ТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.10. 2010 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**10.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 62 став 3 („Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 143 од Деловникот на Советот на ОпШтина Делчево(„Сл.гласник на ОпШтина Делчево„бр.16/2006 година) Советот на ОпШтина Делчево на својата 15. седница одржана на ден 29.10. 2010 година, донесе

**ОДЛУКАТА**
**за измени на Одлуката**
**за доделување на студентски стипендии**

Член 1

Членот 1 од Одлуката бр.07-959/1 од 29.12.2009 година, донесена на 7.седница на Советот на Општина Делчево, се менува и истиот гласи:
"Се донесува Одлука за доделување на **8** стипендии за редовни студенти од Делчево кои студираат на унивирзитетите во Република Македонија".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во во„Сл.гласник на ОпШтина Делчево„.

**Бр.07-2008/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.10. 2010 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

**11.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 2 и 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002) и член 5 став 2 од Законот за даноците на имот ("Сл.весник на РМ" бр.61/2004), на својата 15. седница одржана на ден 29.10. 2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисии за утврдување на**
**пазарната вредност на недвижен имот во општина Делчево**

Член 1

Се формираат 2 Комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот во Општина Делчево.

Член 2

Комисиите од член 1 на оваа Одлука се составени од по 5 члена и тоа:

**Комисија 1**

1.Звонко Атанасовски, дипл.град. инж., претседател
2.Славе Гошевски, дипл. агроном, член
3. Горан Петровски,дипл. инж. арх.,член
4.Анка Христова,дипл.економист, член
5.Веселинка Христова, дипл.прав., член

**Комисија 2**

1. Маја Стоименовска, геодетски инженер, претседател
2. Стојмир Мицевски, инженер за патен сообраќај, член
3. Шабан Багашев, дипл.економист, член
4. Николчо Даневски, дипломиран геодетски техничар, член
5. Орце Ангелов, дипл. земјоделски инженер, член

Член 3

Комисиите имаат за задача да ја утврдат пазарната вредност на наедвижниот имот во општина Делчево.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање на комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Делчево бр. 07- 304/1 од 26.05.2009 година и Одлуката за измена и дополнувања на истата бр.07-976/1 од 29.12. 2009 година.

.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2009/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.10. 2010 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

**СОДРЖИНА**

- Решение за објавување акти од 15.седница................................................ 2

1.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ "Ванчо Прке" за 2009/2010 година; ............................................................................ 2

2.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ "М.М.Брицо" за 2009-2010 година;............................................................................ 3

3. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ "Св.Климент Охридски" за учебната 2009-2010 година;.................................................... 3

4. Одлука за разрешување на член на УО на ЈЛБ "Илинден" - Делчево;................. 4

5. Одлука за именување на член на УО на ЈЛБ "Илинден" - Делчево;...................... 4

6. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУДГ "Весели Цветови" - Делчево за 2009 - 2010 година;.................................................... 5

7. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУДГ "Весели Цветови" - Делчево за 2010 - 2011 година;.................................................... 6

8. Одлука за отуѓување на основни средства задружни домови и друг недвижен имот во селата - сопственост на Општина Делчево;................................................6

9. Одлука за измени на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо" Делчево;.......................................................................... 8

10. Одлука за измени на Одлуката за доделување на студентски стипендии;........ 9

11. Одлука за формирање на комисии за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Делчево;...........................................................9